**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Ул:„Светозар Марковиќ„ бр. 1, Делчево**
**тел: 033/411 550 факс: 033/411 550**
**E-mail:info@delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

## Број 6
**01.08. 2017 година**

**Службен гласник на Општина Делчево**
**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен**

**Уредува**
**Одделение за правни и општи работи и јавни дејности**

**Август, 2017**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл. гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), Градоначалникот на Општина Делчево на ден 01.08. 2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на акти од 50. седница на**

**Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Службен гласник на општина Делчево„ актите што Советот на општина Делчево ги донесе на 50. Седница која се одржа на ден 28.07.2017 година со продолжение на истата на ден 31.07.2017 година и тоа:

1.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, Портира во урбанистичко планска документација на Рудине ММ ДОО Скопје;

2.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, Сушара во урбанистичко планска документација на Рудине ММ ДОО Скопје;

3.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, Ладилник во урбанистичко планска документација на Рудине ММ ДОО Скопје;

4.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, Вага за возила во урбанистичко планска документација на Рудине ММ ДОО Скопје;

5.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, Станбена куќа во урбанистичко планска документација на Панчо Ситновски;

6.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, Станбена куќа во урбанистичко планска документација на Горанчо Ситновски;

7.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект викенд куќа во урбанистичко планска документација на Благојчо Златков;

8.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, викенд куќа во урбанистичко планска документација на Раде Стоичов;

9.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, викенд куќа во урбанистичко планска документација на Зоран и Игор Филиповски;

10.Заклучок за неусвојување на Годишен извештај за работењето на центарот за развој на Источен плански регион за 2016 година;

11.Заклучок за неусвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2015-2019 за 2016 година ;

12. Заклучок за усвојување на Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево;

13.Програма за управување со отпад за 2017 година во Општина Делчево;

14.Одлука за донесување на ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности;

15.Одлука за одобрување на Програма за градби кои не се предвидени со урбанистички план односно урбанистичка планска документација за зиградба на придружни и услужни објекти на гробишта Мртовечница-капела со ладилник и помошни простории на к.п. бр.6065 КО Делчево;

16.Одлука за парична помош на Ајри Мустафов од Делчево;

17. Одлука за парична помош на Мирса Трајановска од Делчево;

18. Одлука за парична помош на Јонџа Гаврилова од Делчево;

19. Одлука за парична помош на Благојчо Трајков од с.Град;

20. Одлука за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2017 година;

21.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, Станбена куќа во урбанистичко планска документација на Зоран Димитровски;

22.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, викенд куќа во урбанистичко планска документација на Љупчо Атанасовски;

23.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, Станбена куќа во урбанистичко планска документација на Митко Стојменовски;

24.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, намена В5 Манастир во урбанистичко планска документација на МПЦ ОА БПЕЦ „Успение на Пресвета Богородица“-Делчево;

25.Одлука за вклопување на бесправно изграден објект, намена В5 Конак во урбанистичко планска документација на МПЦ ОА БПЕЦ „Успение на Пресвета Богородица“-Делчево;

26.Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;

27.Одлука за доделување на парична помош на Гина Лесовска од Делчево

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево„.

**Број 08- 956/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**01.08.2017 год.** **Градоначалник,**

**Д е л ч е в о** **Дарко Шехтански с.р**

**Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе**

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект ‚Портира-  во урбанистичко -планска документација на **РУДИНЕ ММ доо Скопје**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**97** од **13,01,2016** година, од страна на **РУДИНЕ ММ доо Скопје** , а кое се однесува на бесправно изграден објект , **Портира - зграда бр.1** , изграден на КП бр. **874** КО **Чифлик** запишана во имотен лист бр**. 73**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

Број 09- 923 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година — Претседател,

Делчево — Драган Христов с.р

**Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе**

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект ‚Сушара  во урбанистичко -планска документација на **РУДИНЕ ММ доо Скопје**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**96** од **13,01,2016** година, од страна на **РУДИНЕ ММ доо Скопје** , а кое се однесува на бесправно изграден објект , **Сушара зграда бр.3** , изграден на КП бр. **875** КО **Чифлик** запишана во имотен лист бр**. 253**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе

урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Прилог:скица

Број 09- 924 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година Претседател,

Делчево Драган Христов с.р

**Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе**

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект ,Ладилник- во урбанистичко -планска документација на **РУДИНЕ ММ доо Скопје**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**96** од **13,01,2016** година, од страна на **РУДИНЕ ММ доо Скопје** , а кое се однесува на бесправно изграден објект , **Ладилник зграда бр.4** , изграден на КП бр. **875** КО **Чифлик** запишана во имотен лист бр**. 253**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Прилог:скица

Број 09- 925 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година Претседател,

Делчево Драган Христов с.р

**Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе**

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект ,Вага за возила- во урбанистичко -планска документација на **РУДИНЕ ММ доо Скопје**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**97** од **13,01,2016** година, од страна на **РУДИНЕ ММ доо Скопје** , а кое се однесува на бесправно изграден објект , **Вага за возила- зграда бр.5** , изграден на КП бр. **875** КО **Чифлик** запишана во имотен лист бр. **253**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Прилог:скица

Број 09- 926 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година Претседател,

Делчево Драган Христов с.р

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект , Станбена кука -планска документација на **Панчо Ситновски**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**436** од **04,08,2011** година, од страна на **Панчо Ситновски** , а кое се однесува на

бесправно изграден објект , Станбена кука, означен во елаборат како зграда бр.3 изграден на КП бр. **8843** КО **Делчево** запишана во имотен лист бр**. 9710**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот е со намена различна од предвидената во урбанистичка документација и за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

Број 09- 927 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година — Претседател,

Делчево — Драган Христов с.р

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект , Станбена кука -планска документација на **Горанчо Ситновски**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**435** од **04,08,2011** година, од страна на **Горанчо Ситновски** , а кое се однесува на бесправно изграден објект , Станбена кука, означен во елаборат како зграда бр.2 изграден на КП бр. **8843** КО **Делчево** запишана во имотен лист бр**. 9710**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот е со намена различна од предвидената во урбанистичка документација и за истиот може да се изврши усогласување на намените и да се вклопи во идна урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

Број 09- 928 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година Претседател,

Делчево Драган Христов с.р

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11), Советот на Општина Делчево, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе

**ОДЛУКА**

за вклопување на бесправно изграден објект – **викенд куќа** на **Благојчо Златков** во урбанистичко-планска документација

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број **уп I бр. 12-308** од **14.03.2016** година, од страна на **Благојчо Златков од Звегор,Делчево ,** а кое се однесува на бесправно изграден објект **викенд куќа** изграден на **к.п.бр.543, КО Ѕвегор Вон г.р. м.в.Падиште,** запишана во имотен лист бр**. 102**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Прилог:скица

Број 09- 929 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година Претседател,

Делчево Драган Христов с.р

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11), Советот на Општина Делчево, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе

**ОДЛУКА**

за вклопување на бесправно изграден објект – **викенд куќа** на **Раде Стоичов** во урбанистичко-планска документација

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број **уп I бр. 12-2277** од **02.09.2011** година, од страна на **Раде Стоичов од Делчево** а кое се однесува на бесправно изграден објект **викенд куќа** изграден на **к.п.бр.4345, КО Дечево м.в.Солена Чешма,** запишана во имотен лист бр. **9470**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

Број 09- 930 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година — Претседател,

Делчево — Драган Христов с.р

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе

**ОДЛУКА**

за вклопување на бесправно изграден објект – **викенд куќа** на **Зоран и Игор Филиповски** во урбанистичко-планска документација

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број **уп I бр. 12-479** од **08.08.2011** година, од страна на **Зоран и Игор Филиповски од Делчево** а кое се однесува на бесправно изграден објект **викенд куќа** изграден на **к.п.бр.1271, КО Ѕвегор вон гр м.в „Асевица",** запишана во имотен лист бр. **822**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе

урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Прилог:скица

Број 09- 931 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
28.07.2017 година Претседател,
Делчево Драган Христов с.р

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ“ бр.63/2007) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 50.редовна седница, одржана на ден 28.07. 2017, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за неусвојување на Извештајот за работењето
на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2016 година

- Извештајот за работењето на Центарот за развој на Источно-планскиот регион за 2016 година, заедно со Годишниот финансиски извештај за 2016 година, кој е составен дел на Извештајот за работењето, **не се усвојува.**

- Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот со седиште во Штип.

- Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-932 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07. 2017 год. Претседател,**
**Д е л ч е в о Драган Христов с.р**

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. Весник на РМ“ бр.63/2007) и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 50.редовна седница, одржана на ден 28.07.2017, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за неусвојување на Годишниот Извештај за спроведување
на Програмата за развој на

Источно-планскиот регион за 2015-2019 година за 2016 година

1. Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источно-планскиот регион за 2015-2019 година за 2016 година, **не се усвојува.**

2. Заклучокот да се достави до Центарот за равој на Источно-планскиот со седиште во Штип.

3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 933** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07. 2017 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов с.р**

**Врз основа на член 36 став 1 т.13 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 50.редовна седница, одржана на 31.07. 2017 година, донесе**

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево**

1. Се усвојува Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево, поднесен од страна на командирот на Полициската станица од општа надлежност-Делчево.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на општина Делчево".

3. Заклучокот со Извештајот да се достави до:

- Министерот за внатрешни работи на РМ;
- Народниот правобранител на РМ.

**Број 09-934** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**31.07.2017 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов с.р**

**Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ„бр. 68/2004),а согласно член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.,весник на РМ бр.5/02) Советот на Општина Делчево, на својата 50 редовна седница одржана на ден 31.07.2017 година донесе**

# ПРОГРАМА
## за управување со отпад за 2017 година во Општина Делчево

**1.Вовед**

Согласно член 19, став 1, точка 2 од Законот за управување со отпад ("Службен весник на РМ" бр.68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 9/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15) за спроведување на своите планови за управување со отпад, општините изготвуваат годишни програми. Законот пропишува дека овие програми треба да бидат во согласност со Планот на Република Македонија за управување со отпадот, како и со Националната Програма за управување со отпадот која ги донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Националната Стратегија за управување со отпадот што ја донесува Владата на Република Македонија.

Советот на Општина Делчево во месец октомври 2013 година го има донесено четиригодишниот план за управување со отпад на Општина Делчево ( 2013-2017 ). Планот во месец ноември истата година има добиено согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Програмата е изработена согласно барањата на Законот за управување со отпадот, во согласност со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020), Националниот план за управување со отпад ( 2009-2015) и Планот за управување со отпад на Општина Делчево ( 2013-2017).

**Стратегиска цел бр.1**
**Подобрување на управување со општинската депонија**

Постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува елементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така не ги задоволува основните стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2017 година е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад. Изработен е и во тек е потврдување на документот за регионално управување со отпад и после негово усвојување од страна на МОЕПП општината е потребно да се приклучи кон спроведување на мерките и активностите на истата.

### Општина Делчево- дел од регионалниот систем за управување со отпадот

Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа стратешка цел беше изработката на физибилити студија за регионално управување со отпад за Источниот плански регион.

Во согласност со Националниот план за управување со отпад на Република Македонија и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот

плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.

Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на Република Македонија.

Во согласност со насоките од Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион, се спроведуваат два проекти:

1. Подготовка на техничка спецификација за набавка на опрема за собирање и транспортирање на отпад во Источниот и Североисточниот регион и

2. Подготовка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветни депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион.

Затворањето на депониите ќе се изведува во 2 фази:

Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата региони) и затворање на помалите општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и

Парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале и количините на отпад од општините чии што депонии би биле веднаш затворени.

Согласно Планот за затворање на депониите, депонијата во Делчево ќе биде оперативна во преодниот период (преоден период Источен регион 2016-2020, а отпадот од М.Каменица ќе се депонира на депонијата во Делчево (одлука донесена на совет).

Со изработката на студијата за регионална депонија дефинирано е поради близината до истата како -оперативна депонија е да биде депонијата во М.Каменица.

Втора фаза: Комплетно затворање на оперативните депонии, откако ќе се отворат регионалните центри за управување со отпад.

**Стратегиска цел бр.2**
**Процена на видот и количеството отпад што се создава на територијата на Општина Делчево**

Проценката на сегашната состојба опфаќа голем број видови отпад како комунален отпад, комерцијален отпад, индустриски неопасен отпад, инертен отпад (градежен шут), опасен отпад создаден од различни субјекти, како и одреден број специфични видови отпад како: преносливи батерии, медицински отпад, земјоделски отпад, отпадни гуми, отпадни масла, отпадна електронска и електрична опрема. Сепак, подетално се анализирани состојбите со видовите отпад кои се во директна надлежност на локалната самоуправа: комунален, комерцијален, друг вид (како на пр. Индустриски) неопасен отпад и инертен отпад-градежен шут. Анализирано е создавањето на овие отпади како и сите операции кои се застапени во постапувањето со нив: собирање, транспортирање, третман, преработката, со акцент на рециклирањето како и компостирањето и отстранување со депонирање.

**Стратегиска цел бр.3**
**Извори на финансирање на мерките и активностите (инструментите)**

Финансирањето на различните мерки и активности (инструменти) предвидени со Програмата се реализира преку повеќе извори како:

1. Буџет на Општина Делчево ;
2. Буџет на РМ
3. Меѓународни финансиски институции (Светска банка, и сл.);

## 1.Опис и отценка на постоечката состојба во управувањето со отпад во ЕЛС-Делчево

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| **1.Евидентирање на типови и количини на отпад, кои се создаваат во Општината и нивно соодветно управување.** | **1.1.Развивање на соодветна база на податоци за генерираните количини и видови на отпад**<br>**1.2.** Развивање на систем за сепарирање и собирање биоразградлив отпад | **МЖСП**<br>**Општина Делчево** | | **МЖСП**<br>**Општина Делчево**<br>**ЈПКД,,Брегалница,** |
| 1.Порамнување на отпадот на на депонија ,,Острец,,и посипување со слој од земја со цел да се спречи самозапалувањето, а потоа ќе се пристапи кон депонирање по ред | -Анализа на затекнатата ситуација<br>-Проценка на финансиските средства потребни за реализација на активноста | Општина Делчево и ЈПКД ,,Брегалница,, | 200.000 | Со сопствени средства |
| 3.Доградување на неоградени места на дел од депонија ,,Острец,, и и воведување на чуварска служба | -Анализа на критични места за оградување | ЈПКД,,Брегалница,, | 100.000 | Со сопствени средства |
| 4.Регионален пристап во управувањето со отпад<br>-Општина Делчево дел од регионалниот систем за управување со отпадот | -Учество во регионално решавање на управувањето со отпад<br>-Следење на насоките на дејствување во реализација на проектите се до затварање на оперативните депонии | ЈПКД,,Брегалница,,<br>Општина Делчево<br>МЖСПП | | Меѓубародни финансиски институции<br>МЖСПП |
| 5.Евидентирање на дивите депонии | 4.1. Теренска обиколка на целата територија на Општината<br>4.2. Проценка на капацитетите на сите диви депонии<br>-зелени појаси( засадување на дрвја и затревување) | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,, | 100.000 | Општина Делчево |
| 6. расчистување на дивите депонии и рехабилитација на истите | 6.1.Подготовка на План за затварање на дивите депонии и нивна ревитализација<br>6.2Чистење/затварање на диви депонии<br>6.3. Ревитализација на просторите, зафатени со диви депонии | Општина Делчево | | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,,<br>Програма на Влада на РМ за озеленување-Ден на дрвото<br>Програма за животна средина |
| 7.Собирање на растителен отпад од дворните места во текот на месец октомври,ноември и декември | -Со предходна консултација и соработка со населението | ЈПКД,,Брегалница,, | 50. 000 | ЈПКД,,Брегалница,, |
| 8.Собирање на габаритен отпад од домакинствата | -По предходна консултација и известување на населението | ЈПКД,,Брегалница,, | 50.000 | ЈПКД,,Брегалница,, |
| 9.Собирање и селектирање на ПЕТ амбалажа и отпадот од хартија | -Поставување на садови за селекција<br>-Едукација на населението за бенефитите од селективниот пристап на управување со отпад | ЈПКД,,Брегалница,,<br>Општина Делчево | | ЈПКД Брегалница<br>Општина Делчево<br>МЖСПП |

## 2.Зголемување на бројноста на садови за собирање на отпад на јавните површини

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Буџет** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| 1.Замена и поправка на садовите за собирање на отпад поставени на јавните површини и да се постават нови на местата на кои има потреба од истите(парк и детско игралиште во Ново Делчевопо должина на ул.Кеј на ослободување) и на трите парцели на градските гробишта | -Отстранување на старите садови;<br>-Поправка каде е е можно;<br>-Одредување на локации за поставување на нови | Општина Делчево и ЈПКД,,Брегалница,, | 50.000 | ЈПКД,,Брегални ца,, |

## 3.Управување со опасен отпад

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Буџет** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| 1.Одредување на локации за собирање на опасен отпад (батерии, акумулатори) и склучување на договор со фирма за преземање на истиот | -Јавна кампања<br>-Склучување на договор со лиценцирана фирма | Општина Делчево и ЈПКД,,Брегалница,, | 20 000 | Општина Делчево и ЈПКД,,Брегалница,, |
| 2.Решавање на проблемот со управување со отпадни гуми и масла | -Иницирање за интегрално решавање на проблемот | Општина Делчево | .................... | Општина Делчево ЈПКД,,Брегалница,, |
| 3.Решавање на проблемот со управување со отпад од животинско потекло | -Покренување на постапка за изградба на јама(гробница) | Општина Делчево | .................... | Општина Делчево ЈПКД,,Брегалница,, |

**4.Едукација на населението**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1.Подигнување на јавната свест кај населението | -Информирање на јавноста<br>-Припрема на кампањата<br>-Спроведување на кампањата<br>-Амализа на остварените резултати<br>-Организирање на акции | Општина Делчево | 50.000 | Општина Делчево |

**Изготвил:**
**Татјана Стојковска**
**Контролирал:**
**Горан Петровски**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Председател**
**Драган Христов с.р**

**Бр. 09-935**
**31.07.2017**
**ДЕЛЧЕВО**

Врз основа на член 5 став 2 алинеја 2 од Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ" бр.29/05 и 36/11), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), како и член 13 и член 14 од од Уредбата за Методологија за изработка на Процената за загрозеност на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Сл.весник на РМ" 13/2011), Советот на Општина Делчево, на својата 50.седница одржана на ден 31.07.2017 година, донесе

## ОДЛУКА

**за донесување на ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности**

Член 1

Се донесува ажурирана Процена на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.

Ажурирањето се однесува на Проценатa на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности , донесена од страна на Советот на Општината со Одлука бр. 07-2538/1 од 25.12.2014 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 936** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**31.07. 2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов с.р**

Врз основа на член 50 точка 6, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 73 став 4 од Законот за градење („Сл.весник на РМ" бр.187/2014), Советот на Општина Делчево, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07. 2017 година, донесе

ОДЛУКА

за одобрување на Програма за градби кои не се предвидени со урбанистички план односно урбанистичка планска документација за изградба на придружни и услужно објекти на гробишта МРТОВЕЧНИЦА-КАПЕЛА со ладилник и помошни простории на к.п. бр. 6065 КО Делчево

Член 1

Се одобрува Програмата за градби кои не се предвидени со урбанистички план односно урбанистичка планска документација за изградба на придружни и услужно објекти на гробишта МРТОВЕЧНИЦА-КАПЕЛА со ладилник и помошни простории на к.п. бр. 6065 КО Делчево.

Член 2

Програмата од член 1 на оваа одлука е со технички број У-13/17 од април 2017 година и е изработена од страна на ДПГТ „ИЗОФАС" ДОО- Прилеп во пет еднообразни примероци.

Член 3

Програмата се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на Општина Делчево.

Член 4

Со донесувањето на оваа Одлука Општината да продолжи со постапката согласно законската регулатива.

Член 5

Програмата за градби кои не се предвидени со урбанистички план односно урбанистичка планска документација за изградба на придружни и услужно објекти на гробишта МРТОВЕЧНИЦА-КАПЕЛА со ладилник и помошни простории на к.п. бр. 6065 КО Делчево, со сите нејзини делови,се чува во Одделението за урбанизам, уредување и одржување на градежно земјиште и заштита на животната средина.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Прилог: Скица

**Број 09-937**
**28.07. 2017 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов с.р**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за доделување парична помош Уп бр.21-176 од 27.04.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 50.редовна седница, одржана на ден 28.07. 2017 година, донесе

## ОДЛУКА
## за парична помош на
## Ајри Мустафов од Делчево

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 30.000 денари на лицето Ајри Мустафов ул. „Брегалница" бр.40, Делчево.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат за трошоци за опожарена семејна куќа.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 938** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07.2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов с.р**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за доделување парична помош Уп бр.21-177 од 28.04.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 50.редовна седница, одржана на ден 28.07. 2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за парична помош на**
**Мирса Трајановска од Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 30.000 денари на лицето Мирса Трајановска ул. „Кирил и Методиј" бр.25, Делчево.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат за трошоци за опожарена семејна куќа.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-939** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07.2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов с.р**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за доделување парична помош Уп бр.21-167 од 20.04.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 50.редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за парична помош на**
**Јонџа Гаврилова од Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 10.000 денари на лицето Јонџа Гаврилова ул. „Видое Смилевски Бато" бр.15, Делчево.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат за трошоци за лекување на сопруг.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-940** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07.2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов с.р**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за доделување парична помош Уп бр.21-165 од 19.04.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 50.редовна седница, одржана на ден 28.07. 2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за парична помош на**
**Благојчо Трајков од с.Град**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 30.000 денари на лицето Благојчо Трајков од село Град.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат за трошоци за опожарена плевна.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-941** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07.2017 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов с.р**

**Врз основа на член 20-а став 1 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( Сл.в. на РМ 199/14; 44/2015 ; 193/15; 31/16 ; 55/13 ; 144/12 ,163/13 и 42/14 ),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 31.07.2017 година донесе**

**ОДЛУКА**

**за дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на**

**подрачјето  на Општина Делчево за 2017**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се врши дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето  на Општина Делчево за 2017 донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-219/1 од 22.02.2017 г

**Член 2**

Во Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето  на Општина Делчево за 2016 донесена од страна на Советот на Општина Делчево со бр. 09-219/1 од 22.02.2017 г   се врши следната дополна:

Во поглавјето „ Урбанистички планови за град Делчево,,  по точката 16 се додава една нова точка – точка 17 , која гласи : Довршување на Нацрт - Урбанистички план вон населено место за придружни објекти на Магистрален пат М5 Делчево -  М Каменица -измена и дополна

Член 3

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

-запад, северозапад, североисток и исток        -по дел од јужна мега на к.бр. 1137, к.п. бр. 1138 и к.п. Бр 1136

-од запад кон исток - југ на опфат - магистрален пат М5  ( нова категоризација А3М)

**Член 4**

Одлуката за прифакање на дополнување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето  на Општина Делчево за 2017 донесена од страна на Советот на Општина Делчево се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива на трошок на поднесувачот на Иницијативата согласно неговата Забелешка- Изјава дедена во Барањето

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево,,.

| | |
|---|---|
| **Број 09- 942** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** |
| **31.07.2017 год.** | **Претседател,** |
| **Делчево** | **Драган Христов с.р** |

**Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе**

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект , Станбена кука – во планска документација на **Зоран Димитровски**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**1210** од **26,08,2011** година, од страна на **Зоран Димитровски** , а кое се однесува на бесправно изграден објект , Станбена кука, изграден на КП бр. **10409** КО **Габрово** запишана во имотен лист бр**.794**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

Број 09- 943 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година Претседател,

Делчево Драган Христов с.р

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект во урбанистичко-планска документација на **Љупчо Атанасовски**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**1745** од **31.08.2011 г**, од страна на **Љупчо Атанасовски** Делчево , а кое се однесува на бесправно изграден објект **А4 викенд кука** , изграден на КП бр. **3111** КО **Делчево .** запишана во имотен лист бр**. 10445 , и КП бр. 3110** КО **Делчево.** запишана во имотен лист бр**.3602** , Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

Број 09- 944 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година Претседател,

Делчево Драган Христов с.р

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект ,станбена кука во урбанистичко -планска документација на **Митко Стојменовски**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**322** од **19,07,2011** година, од страна на **Митко Стојменовски**, а кое се однесува на бесправно изграден објект, станбена куќа , изграден на КП бр. **5156** запишана во имотен лист бр**. 10229 и К.П бр. 8994/1** КО **Делчево** запишана во имотен лист бр**. 3602**, Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 256

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

Број 09- 945 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година Претседател,

Делчево Драган Христов с.р

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект – **намена – В5 Манастир** во урбанистичко-планска документација на **МПЦ – ОА- БПЕЦ „ Успение на Пресвета Богородица Делчево„ Делчево**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**520** од **30,03,2016** година, од страна на **МПЦ – ОА-БПЕЦ „ Успение на Пресвета Богородица Делчево„ Делчево** а кое се однесува на бесправно изграден објект со **намена – В5 Манастир** , зграда бр **1** изграден на КП бр. **4082/1** КО **Звегор вон ГР е** запишана во имотен лист бр**. 74,и 246** Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

Број 09- 946 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година Претседател,

Делчево Драган Христов с.р

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11), Советот на Општина Делчево на, на својата 50 редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година донесе

ОДЛУКА

за вклопување на бесправно изграден објект – **намена – В5 Конак** во урбанистичко-планска документација на **МПЦ – ОА- БПЕЦ „ Успение на Пресвета Богородица Делчево„ Делчево**

Член 1

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**520** од **30,03,2016** година, од страна на **МПЦ – ОА-БПЕЦ „ Успение на Пресвета Богородица Делчево„ Делчево** а кое се однесува на бесправно изграден објект со **намена – В5 Конак** , зграда бр **2** изграден на КП бр. **4082/1** КО **Звегор вон ГР е** запишана во имотен лист бр**. 74,и 246** Советот на Општина Делчево констатира дека објектот се наоѓа надвор од плански опфат и истиот може да се вклопи во урбанистичко планска документација.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

Прилог:скица

Број 09- 947 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

28.07.2017 година Претседател,

Делчево Драган Христов с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр.5/05) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), Советот на општина Делчево на својата 50. седница одржана на ден 28.07.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта**

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат стипендиии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во учебната 2016/2017 година и тоа на:

1.**Ѓеоргина Витанова**- првенец на генерацијата од ООУ „Ванчо Прке",

Делчево;
2.**Бојана Трајковска**– првенец на генерацијата од ООУ „Св.Климент Охридски", Делчево;
3.**Андреј Ивановски** - првенец на генерација од СОУ „М.М.Брицо", Делчево

Член 2

Стипендијата учениците ќе ја добиваат 9 (девет) месеци во текот на учебната 2017-2018 во нето износ 2000,00 денари месечно.
Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Делчево.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Бр.09-948** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.07.2017 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов с.р**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за доделување парична помош Уп бр.21-253 од 14.07.2017 година, Советот на Општина Делчево, на својата 50.редовна седница, одржана на ден 28.07.2017 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за парична помош на**
**Гина Лесовска од Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 10.000 денари на лицето Гина Лесовска ул. „Мирче Ацев" бр.27, Делчево.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат за трошоци за болничко лекување на ќерка Катица Лесовска.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 949**
**28.07.2017 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов с.р**